AMBER ALERT .eu
European Centre for Missing Children

ПОЛИЦИЈА POLICE
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МОЕТО ДЕТЕ Е ИСЧЕЗНАТО,
## ШТО ДА ПРАВАМ?

Започнете одовде

**МОЕТО ДЕТЕ Е...**

1 ПРОВЕРЕТЕ
2 РАЗМИСЛЕТЕ
3 ПРИЈАВЕТЕ

### ОД ЕДНА ДО ТРИ ГОДИШНА ВОЗРАСТ

**Проверете на опасни места во Вашата куќа.**

На пример: во замрзнувач, фрижидер или машина за перење алишта.

**Проверете на опасни места надвор.**

На пример: блиску до вода, како што се езерца и базени или блиzу прометна улица.

**Проверете на затскриени места.**

На пример: внатре во плакар, во остава или под нивниот кревет. Тие може да се скријат и заспијат.

Прескокнете ја оваа фаза доколку не можете да го најдете Вашето исчезнато дете внатре или непосредно околу вашата куќа.

**Јавете се во полиција за да пријавите дека Вашето дете е исчезнато.**

Јавете се на локална полиција. Не треба да се губи време да дојдат полицајци, помагајќи ви во пронаоѓање на вашето дете.

### ДЕТЕ НА ШКОЛСКА ВОЗРАСТ

**Проверете да не е сè уште внатре во Вашата куќа.**

**Проверете на опасни места надвор.**

На пример: блиску до вода, во багажникот на автомобил, на градилишта или други опасни места.

**Проверете кај родителите на пријателите на Вашето дете.**

**Размислете за причини зошто би можело да исчезне.**

Размислете за неговите/нејзините рутини и последните активности. Какви било излети или активности во кои вашето дете било вклучено? Некои места или луѓе кои сакало да ги посети? Некои омилени места на кои би сакало да оди?

**Јавете се во полиција за да пријавите дека Вашето дете е исчезнато.**

Јавете се во локалната полициска станица. Не мора да чекате 24 часа.

### ТИНЕЈЏЕРИ

**Проверете во и околу Вашата куќа.**

**Проверете ги можните траги**

На пример: проверете ја нивната соба, социјалните медиуми или други форми на комуникација.

**Побарајте ги пријателите на Вашето дете.**

**Размислете за последни промени во однесувањето**

Какво било необично однесување како што е носење поинаква облека, дружење со нови пријатели или знаци на злоупотреба на супстанции?

**Размислете за контекстот на исчезнувањето на Вашето дете.**

Имаше ли кавга или инцидент пред вашето дете да исчезне? Постои ли нешто што би можело да го оттурне Вашето дете од Вас?

**Јавете се на полицијата да пријавите дека Вашето дете е исчезнато.**

Повикајте локална полиција. Не мора да чекате 24 часа.

Проверете. Размислете. Пријавете. Тоа е едноставен чекор-по-чекор пристап, направен од страна на агенциите за спроведување на законот што ќе Ви помогне да се справите со ситуацијата.